Прилог 1  - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

| ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА |
|---|
| |

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Република Северна Македонија, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Земјоделски институт |
| Седиште | 16 та Македонска бригада 3А, Скопје |
| Контакт информации | 02/3230910 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф.д-р Виктор Ѓамовски, директор<br>02/3230910<br>v.gjamovski@zeminst.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | |
| Основ за надворешната евалуација | X. Годишен план<br>☐Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2023-2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | 0202-226/4, 13.05.2024 |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | НЕ |

Место, датум | МП | Овластено лице на установата (потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријаватасе користи фонт ArialNarrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолгоод една страница** по индикаторво овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.**Во стандардите 2,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци.**За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец.Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваатсо линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Република Северна Македонија, Универзитет Св. Кирил и Методиј,во Скопје, Земјоделски институт- Скопје |
| Седиште | 16 та Македонска бригада 3А, Скопје |
| Веб страница | HTTPS://ZEMINST.EDU.MK/ |
| Мисија и визија на установата | Мисија:обезбедување развој на знаењата, истражувањата и образованието во полето на земјоделските науки, како и поддршка за унапредување на земјоделскиот сектор. Затоа научноистражувачката дејност е фокусирана на развој на одржливи технологии и иновативни решенија во растителното производство, искористувањето на природните ресурси и заштита на животната средина. Актуелните научни сознанија се интегрираат во висококвалитетни образовни програми и обуки. Преку отворена соработка со сите чинители, активно се работи на изнаоѓање решенија за предизвиците со кои се соочува земјоделскиот сектор.<br>Стратешката визија на Земјоделскиот институт – Скопје е да биде препознатлива и респектабилна институција во полето на земјоделските науки, делувајќи преку истражување, образование и достапност. Целта е да поттикнеме иновации и напредок во областа на земјоделството со промовирајње одржливи практики и справување со предизвиците со кои се соочува секторот. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: Јавна<br>Матичен број: 6462766<br>Шифра на дејност: 85.42 високо образование |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Студиски програми на втор циклус на студии:<br>- Решение за акредитација на студиската програма Енологија (4+1) од Агенијата за квалитет вовисокото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-227/7 од 01.10.2021 година – линк<br><br>- Решение за акредитација на студиската програма<br>Органско и биодинамично растително производство (4+1) од Агенијата за квалитет вовисокото образование, Одбор за акредитација на високотообразование, бр. 08-228/6 од 09.6.2022 година –линк |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Вкупно:17<br>Редовни професори - 13<br>Вонредни професори - 1<br>Виш научен соработник - 3 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Втор виклус: 2 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Земјоделскиот институт основан со Решение на Президиумот на АСНОМ бр.15 од 15. XII.1944 година, како буџетска установа, која низ текот на годините во различни организациски форми опстојува до денеска.<br>Од 1977/78 година функционира заедно со Земјоделскиот факултет, а во 1990/91 година се одвоил како самостојна јавна научна установа.<br>Од 2009 година Земјоделскиот институт е во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” – Скопје, како една од организациските единици на Универзитетот.<br>Научно-истражувачката работа во областа на земјоделството е при- |

| | |
|---|---|
| | марна дејност на Институтот, а нејзината содржина и квалитет претставува основен критериум за вредноста, препознатливоста и конкуретноста на институтот. Во 2008 година акредитирани се студиски програми од втор циклус со што и започна високо-образовната дејност. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | 1. Институтот располага со наставно-научен кадар од различни области на земјоделските и биотехничките науки, со<br>добра теоретска и практична подготвеност за реализација на научни и апликативни истражувања.<br>2. Покрај примарната научно-истражувачка дејност, Земјоделскиот институт организира и настава од втор циклус (магистерски) студии. Богатата научно-истражувачка работа во текот на изминатите децении изнедри кадар со големо практично и теоретско познавање, што претставуваше солидна основа за акредитација на студиски програми во втор циклус на студии.<br>3.Институтот располага со одлични просторни и материјално-технички капацитети, соодветна опрема и наставни средства кои во целост ги исполнуваат нормативите и стандардите за вршење на високобразовна дејност. Во управната зграда во Скопје се наоѓа комплетно опремена предавална за класична настава со визуелни технички наставни помагала, библиотека, кабинети, лаборатории и опрема, микровинарија, оранжерии и помошни простории кои се на постојано располагање на студентите. Опитните површини од околу 23 ха, се база за успешно спроведување на теренска и практична настава за студентите, поставување на опити и испитување на нови технологии во земјоделското производство.<br>4. Институтот располага со 5 лаборатории и со адаптирани подрумски простории за чување на материјал за заштита на растителните генетски ресурси и проучување на агробиодиверзитетот (ген банка). |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | - Подобрена е улогата на Земјоделскиот институт во промоција и популаризација на науката преку организирање на зголемен број научни конференции и работилници(1.1)<br>-Интензивирано е учеството на кадарот на научни собири, зголемен е бројот на публикувани трудови и учеството во проекти (5.2);<br>-Институтот започнува од сопствени средства да го поддржува учеството на научни собири и да финансира сопствени научноистражувачки проекти (5.11 и 6.1)<br>- Зголемена е медиумската и општествената видливост на Институтот; изработена е нова веб-страна (8.1), организирани се повеќе јавни промотивни настани (7.3)<br>- Потпишани се повеќе меморандуми за соработка со сродни институции и е подобрена меѓународната соработка (9)<br>-Изработени се нови студискипрограми од втор циклус (2.2).<br>- Финансиската состојба на Институтот е подобрена. Како резултат на тоа сега е можно да се насочи вниманието и човечките ресурси кон зголемување на ефикасноста, вкупниот обем на приходите и намалување на непродуктивните расходи.<br>- Изведени се градежни зафати, реконструкција, реновирање и адаптирање на простории, објекти, лаборатории, зголемена е енергетската ефикасност на објектите и се подобрени условите за работа и престој на вработените (5.5).<br>- Трите акредитирани лаборатории се делумно осовремени инфраструктурно, софтверски соцел да се интензивира нивната работа.<br>- Набавена е нова опрема за подобрување на капацитетите на ген банката и на дел од лабораториите. |

| | |
|---|---|
| | -Набавени се нови лаптоп компјутери и информатичка опрема, подобрена е и усовршена компјутерската мрежа |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | - Старосната структура на кадарот на Институтот не е задоволителна. Значаен дел од научниот кадар во наредните години ќе излезе од активниот состав на институцијата. Стручно-административната служба е со ограничен капацитет. Често се користат надворешни капацитети за стручноадминистративни работи кои се дополнителен финансиски товар, а функционирањето е отежнато. Помошен, технички кадар има во недоволен број. Овие состојби се во најголема мера резултат на лошата кадровска политика и незаинтересираноста на надлежните институции.Предизвик ќе биде зголемување на научниот подмладок, вработување на стручно-административен и помошно-технички кадар.<br>- Научноистражувачката инфраструктура, и покрај напорите за набавка на нова научноистражувачка опрема, модернизација и адаптација на лабораториите, генерално и во сеуште значаен обем е застарена.Недостасува дополнителен лабораториски простор (адаптација на постоечките капацитети) и негово доопремување.<br>-Слаб е интересот за студирање на втор циклус студии, со мал број на запишани студенти, што во одредена мера се должи на недоволната промоција на студиските програми. Во Институтот нема студентска служба и задачите на администратор за втор циклус студии ги обавува дел од научно-наставниот кадар.<br>- Издавачката дејност е недоволна.<br>-Нема годишен календарна активности на институцијата.<br>-Недостасува електронско евидентирање на библиотечниот фонд. Обезбеденоста со стручна литература во библиотеката е недоволна и недостасува пристап до бази со електроски изданија на научни списанија.<br><br>Главните предизвици во работата на Институтот во блиска иднина би биле:<br>-проширување на делокругот на дејноста на Институтот;<br>-зголемување на капацитетот на научните работници за аплицирање и учество во меѓународни проекти;<br>-зголемување на мобилноста на кадарот;<br>-развој на наставно-образовната дејност;<br>- посилно институционално влијание врз МОН за зголемена поддршка на научноистражувачката дејност и вработување на нов кадар;<br>- подигнување нивото на транспарентност во Институтот. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Во рамки на своите ингеренции, Земјоделскиот институт во Скопје ја регулира својата политика за обезбедување на квалитет согласно Политиката за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ каде се дефинирани целите и процесите како и активностите кои што ќе се превземаат за нивно остварување. За таа цел искористени се Стратегиски план на УКИМ 2019-2023, Стратегиски план на УКИМ 2024-2029, Политиката за квалитет на Универзитетот и Програмата за работа на Земјоделскиот институт.<br>Активностите кои произлегуваат од Стратегијата и Акциониот план на УКИМ се однесуваат на интензивирање на меѓуна- | |

родна афирмација на Институтот, промоција на наставната дејност, кадровскотозајакнување, како и подобрување на финансиските аспекти.
Во рамки на Програмата за работа на Земјоделскиот институт, превземени се активности кои се однесуваат на зголемување на конкурентноста и видливоста на научните истражувања и новите технологии развиени и имплементирани од страна на Институтот.

**Прилози**

- Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република С. Македонија бр. 178/2021)- линк
- Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Македонија бр. 153/2022) -линк
- Статут на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019)-линк
- Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 674/2024) -линк
- Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024-2029) - линк
- Упатство за самоевалуција и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр. 674/2024)- линк
- Деловник за работа на Советот за квалитет на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје -линк
- Програмата за работа на Земјоделскиот институт 2022 – 2025 -линк

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Составен дел на самоевалуацијата на УКИМ Земјоделски институт, Скопје за 2023/2024 година, е анкетата „360 степени“, која вклучува анкета за општите услови за студирање, како и анкети за наставниот и стручно-административниот кадар. Евалуацијата се спроведе во форма на анкета, преку страната за анкетирање на УКИМ (anketi.ukim.mk), во период од 13 до 30 јуни 2024 година, период утврден од страна на Советот за квалитет при УКИМ. Анкетите за евалуација опфаќаат поголем број на прашања кои се однесуваат на квалитетот на образовниот процес на втор циклус студии, како и условите на работа во единицата.
Во анкетата се опфатени студентите, наставниците кои изведуваат настава во тековниот семестар (според распоредот на предметите по семестри), а кои се вработени на Земјоделскиот институт, Скопје како и стручно административниот кадар.
По предвидениот рок за пополнување на анкетните листови, се пристапи кон анализа на одговорите со користење на алатката резултати – администратор од страната anketi.ukim.mk и подготовка на Извештај.
Во рамките на **анкетите** за студентите **Перцепција на студентите за квалитетот на наставата** и **Перцепција на студентите за општите услови за студирање** се заклучи следното: Како резултат на малиот број студенти (3 - три), запишани на втор циклус студии при Земјоделскиот институт, анонимноста и релевантоста на резулатите од анкетирањето може слободно да се каже дека се на многу ниско ниво. Спроведените анкети за функционирањето на студиските програми на втор циклус: Енологија и Органско и биодинамично производство беа пополнети од страна на двајца студенти, од двете активни насоки. Анкетата**Перцепција на студентите за квалитетот на наставата** е пополената за предметите од летниот и зимскиот семестар за учебната 2023/2024 година. Според резултатите од анкетирањето, студентите се најмногу задоволни од изведувањето на практичната настава од страна на професорите.
Според добиените просечни одговори, сите професори кои се вклучени во изведувањето на наставата од втор циклус студии на Земјоделскиот институт, добија позитивна оценка од страна на анкетираните студенти.
Од спроведената анкета **Перцепција на наставниот кадар за квалитетот на условите за работа** вредноста на просечните одговори од прашањата за летниот семестар изнесува 3.82, додека за зимскиот 3.87.
Според резултатите од анкетирањето на стручно-административниот и соработничкиот кадар, преку достапност на анкетата **Перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа** вредноста на просечните одговори од прашањата изнесува 4.5 за зимски семестар и 4.40 за летениот семестар. Анкетираните лица се најмногу задоволни во однос на условите за работа

1. Работната атмосфера и можностите за напредување’’
2. Просторни услови за работа -опремени простории со современа опрема за работа.Комуникација и размена на знаења со институции кои работат на иста проблематика.Структурна поставеност во

организацијата. Редовни информации и новости од областа на професијата со цел унапредување и усовршување во истата

**Додека н**ајмалку задоволни се од:

1. Недоволната транспарентност
2. Недоволното и ненавремено споделување на информации

Во иднина ќе биде усвоен **Годишен календар за активности** поврзани со евалуација на седница на Наставно-научнен совет.

Институтот, во иднина редовно ќе спроведува евалуација преку анкетирање на студентите и вработените во единицата. При заверка на секој семестар, студентите ќе имаат обврска од пополнување анкетен прашалник предложен од Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, во кој се бара да го оценат секој наставен предмет што го следеле во тек на односниот семестар.

**Прилози**

**-** Извештај по спроведена анкета за академската 2023/2024 година**,** Арх. Бр.03-304/1 од 02.07.2024 година. (Прилог 1.2)
- Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот - линк
- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски) и втор циклус (постдипломски) на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје - линк
- Извештај од Самоевалуација на Земјоделски институт, Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Земјоделски Институт врши континуирана едукација на студентите од втор циклус на студии и е посветен на подобрување и осовременување на студиските програми согласно најновите трендови во земјоделскиот сектор. Поради малиот број студенти, наставата по предметните програми најчесто се одвива менторски т.н. консултативно-инструктивна настава. При изведување на наставата се користат интерактивни методи и тоа семинарски трудови, студии на случај, а особено внимание се посветува на истражувачките проекти и дикусии. Сите студиски програми на Институтот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години.

Студиските програми се креирани врз основа на сопствено искуство и искуството на други универзитети во светот. Сопственото искуство се должи на соработката со земјоделскиот сектор и студентите. Како резултат на соработката, во 2020 година, од страна на ННС, именувани се членови на Комисија за подготовка на Елаборати за студиските програми: Енологија и Органско и биодинамично производство, со цел нивна реакредитација и акредитација (Прилог 1.3А).

Во рамките на Институтот активно функционира Одборот за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница (Прилог 1.3Б и 1.3Ж).

Правата и обврските на членовите на Одборот, како и начинот на работа се пропишани во Деловникот за работа на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Земјоделскиот институт во Скопје, со архивски број 02-265/1 од 10.07.2020година (Прилог 1.3В и 1.3Г).

На својата 22 седница, членовите на одборот по разгледувањето на изготвените Елаборати за предложените студиски програми, даваат позитивно Мислење (архивкси број 03-67/2 од 28.01.2021година) за продолжување на постапките за нивна  реакредитација и акредитација (Прилог 1.3Д и 1.3Ѓ)

Исто така, студентите се дел од Комисијата за самоевалуација со што се обезбедува нивна вклученост во процесот на проценка на развој и унапредување на квалитетот на образовната и науч-ноистражувачата дејност (Прилог 1.3Е).

Заради завршување на мандатот на претходните членови од Одборот, на 170та Седница на ННС, донесена е одлука за избор на нови членови на Одборот за соработка и доверба, (Прилог 1.3Ж)

**Прилози**

-Прилог 1.3А Одлука за Комисија за изработка на Елаборати за студиски програми за втор циклус
- Прилог 1.3Б Одлука за избор на членови за Одбор за соработка и доверба
- Прилог 1.3В Записник од 21 Седница на Одборот за соработка,
-Прилог 1.3ГДеловник за работа на Одборот за соработка
-Прилог 1.3Д Записник од 22 Седница на Одборот за соработка
-Прилог 1.3Ѓ Мислење од Одборот за соработка
-Прилог 1.3Е Одлука за избор на членови во Комисија за самоевалуација
-Прилог 1.3Ж Одлука за избор на членови за Одбор за соработка и доверба

- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Во Институтот постои Совет за квалитет на Земјоделски институт, кој е оформен на 29.04.2024 година со надлежност во согласност со одредбите од Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Во таа насока, по прифаќање на Извештајот на Комисијата за самоевалуација, Советот за квалитет на Земјоделски институт ќе пристапи кон подготовка на Акционен план на Земјоделскиот институт, Скопје. На состанокот одржан на 20.09.2024 од страна на членовите на Советот за квалитет разгледан е Извештајот за самоевалуација 2023/24 и е започнато изготвување на Акциски план за 2024/25 година.

**Прилози**
- Прилог 1.3ЕОдлука за избор на членови во Комисија за самоевалуација
- Прилог 1.4.АОдлука за формирање Совет за квалитет на Земјоделски институт
- Прилог 1.4.Б Извештај од Записник на Совет за квалитет

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Самоевалуацијата има за цел да го подобри квалитетот и ја зголеми ефикасноста во работењето на Институтот, врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована врз релевантни квантитативни податоци.
Врз основа на извршената самоевалуација и направената SWOT анализа, може да се извлечат следниве заклучоци:
1. Научниот кадар при Земјоделскиот институт има теоретска подготвеност и практично искуство за конципирање и реализација на научни проекти.
2. Недоволната финансиска поддршка и отсуството на национални повици за научно-истражувачки проекти се ограничувачки фактори кои влијаат врз остварувањето на оваа дејност на Институтот.
3. Институтот има солидни просторни ресурси за спроведување на основните дејности и комплетна покриеност со интернет приклучок и интерна компјутерска мрежа. Сепак, опремата во повеќето лаборатории е застарена и е неопходно доопремување и осовременување на лабораториите во целина.
4. Во изминатите години поголем дел од наставниот и соработничкиот кадар преминаа во повисоки наставно-научни звања, а дел се пензионираа. Поради тоа, во прашање се доведува иднината на кадровската структура на Институтот.
5. Вработените во стручната и административната служба се професионални, оперативни и опремени со соодветни софтверски пакети. Сепак, заминувањето на административниот кадар во пензија не е следено со пополнување на испразнетите места, што може да доведе до отежнато работење на институцијата во иднина.
6. Потребна е финансиска поддршка за осовременување на библиотеката со нова стручна литература, поголем електронски пристап до датабази за научна и стручна литература и воведување на електронско евидентирање на библиотечниот фонд.
7. Бројот на објавени трудови во меѓународни списанија е незадоволителен.
Во однос на заклучоците од самоевалуација, Советот за квалитет ќе изработи Акциски план за имплементација на заклучоците и препораките.

**Прилози**
- Извештај од самоевалуација од 2013-2016 и 2017-2020 - линк

| | |
|---|---|
| 1.6.Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| |
|---|
| Последната надворешна евалуација на Универзитетот, каде што припаѓа и Земјоделски институт -Скопје е спроведена од 16 до 20 октомври 2017 година од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на Универзитети, во Брисел. Во Извештајот се дадени 24 препораки кои се однесуваат на УКИМ како целина бидејќи тимот имајќи ги предвид финансиските ресурси смета дека Универзитетот ќе ја зголеми својата ефикасност ако централизира некои клучни услуги (на пр. пишување предлози за грантови) и ако може да предложи и да спроведе заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет. Во Прилог 1.6А е приложен годишниот акциски план за 2024-2025. |
| **Прилози**<br>Контролен извештај за евалуација, Програма за институционална евалуација на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2017 година –линк<br>-Прилог 1.6АГодишен акциски план 2024/2025 |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Студиските програми на Земјоделскиот институт-Скопје на втор цикус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор циклус студии е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од втор циклус студиум подготвена од Одборот за акредитација на високото образование. Основна дејност на Земјоделскиот институт-Скопје како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е научноистражувачката работа, наставно-образовната и апликативната дејност.Изработката и одобрувањето на студиските програми на втор циклус студии е од исклучителна важност со цел да се постигне актуелност за развојот и потрбите на земјоделскиот сектор во државата притоа следејќи ги најновите трендови во економијата и земјоделството во светот и подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд. Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиските програми. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор циклус студии на Земјоделскиот институт – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од прввиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма. | |
| Прилози<br>Акт во кој е регулирано прашањето:<br>-Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) -линк<br>- Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) -линк<br>- Образец за акредитација на студиски програми на втор циклус студии –линк<br>- Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од втор и трет циклус студии - линк<br>- Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус студии од АКВО–линк<br>- Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус –линк | |
| 2.2.Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогла- | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; |

| | |
|---|---|
| сени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Студиските програми на Земјоделскиот институт се во насока на непречен развој на студентот и овозоможиваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини.

На ниво на втор циклус егзистираат 2 едногодишни студиски програми: Енологија и Органско и биодинамично растително производство.

Содржината на студиските програми на втор циклус на студии кои се изведуваат на Земјоделскиот институт – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е креирана и детално опишана во елаборатите. Истата е релевантна за целите на студиските програми и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите опфатени во студиските програми се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome).

Студиската програма за енологија, која се фокусира на проучување на производството на вино и винова лоза, има важен придонес во развојот на економијата преку следниве аспекти:

- Зголемување на квалитетот и конкурентноста на винарството: Енологијата обезбедува технички знаења за подобрување на квалитетот на виното преку оптимизација на процесите на одгледување на винова лоза и производството на вино. Повеќе образувани енолози можат да помогнат во креирањето врвни вина кои можат да се натпреваруваат на светскиот пазар, што го зголемува извозот и приходите од продажба на вино.
- Промоција на локалните вински региони: Образованите кадри од областа на енологијата придонесуваат кон промоција на автентичните локални вински сорти и региони. Ова ја зајакнува винската индустрија на национално и меѓународно ниво, создавајќи препознатливи брендови кои привлекуваат туристи и инвеститори.
- Развој на вински туризам: Енологијата е тесно поврзана со винскиот туризам, кој стана значаен економски сектор во многу земји. Винариите со добро обучени енолози можат да создадат уникатни туристички искуства, што резултира со зголемување на туристичкиот прилив, отворање на нови бизниси, како ресторани, хотели и туристички водичи, и зголемување на приходите од туризам.
- Создавање нови работни места: Винарството како индустрија бара специјализирана работна сила. Преку образување на нови енолози, се создаваат можности за работа во винариите, лабораториите, винските подруми и секторите за маркетинг и продажба на вино, што придонесува за намалување на невработеноста, особено во руралните региони.
- Извоз и зголемување на економската вредност на виното: Со подобрени техники за производство и повисок квалитет, локалните вина можат да се пласираат на странските пазари по повисоки цени. Зголемениот извоз на вино значително придонесува кон економскиот раст и профитабилноста на винарскиот сектор.
- Иновации и истражување во винската индустрија: Енологијата промовира иновации во начинот на кој се одгледува винова лоза и произведува вино, вклучувајќи нови технологии, одржливи практики и истражување за оптимизација на производството. Ова ја подобрува ефикасноста на индустријата и ја прави повеќе отпорна на климатските промени и други предизвици.

Со овој сет на придобивки, студиската програма за енологија е важна за модернизација и развој на винската индустрија, што директно влијае на растот на економијата и создавањето на одржливи можности за бизнис и работа.

Студиската програма за органско растително производство има значаен придонес во развојот на економијата преку неколку аспекти:

- Зголемување на продуктивноста и квалитетот на земјоделските производи: Органското земјоделство е фокусирано на одржливи методи на производство кои не користат хемиски пестициди и вештачки ѓубрива. Со зголемено производство на органски производи, се задоволуваат барањата за здрава и еколошка храна на локалниот и меѓународниот пазар.
- Создавање на работни места: Развојот на органското производство бара нови професионалци и вештини во земјоделството, што води до создавање нови работни места, особено во руралните

региони. Ваквото производство често е помалку механизирано и повеќе зависно од човечки труд, што ја поттикнува локалната економија.

- Економски придобивки од извозот: Побарувачката за органски производи на глобално ниво е во постојан пораст. Земјите кои развиваат органско производство може да извезуваат висококвалитетни производи по повисоки цени, што придонесува кон зголемување на приходите од извоз.
- Одржливост и заштита на природните ресурси: Органското производство е повеќе еколошки ориентирано, со фокус на зачувување на плодноста на почвата и намалување на ерозијата, што го прави долгорочно поодржливо. Ова придонесува кон заштита на природните ресурси и намалување на негативните ефекти од климатските промени, што има долгорочни позитивни економски ефекти.
- Развој на рурален туризам: Органското земјоделство честопати оди рака под рака со развој на агротуризмот. Ова привлекува туристи кои се заинтересирани за одржливо земјоделство и еко-туризам, што создава дополнителни економски можности за руралните заедници.

Со овие придобивки, студиската програма за Органско и биодинамично растително производство не само што обезбедува образование и вештини за идните професионалци, туку и игра клучна улога во поттикнување на економскиот развој преку одржливи и иновативни земјоделски практики.

Содржината на студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академски знаења и вештини кои се од исклучително значење за нивниот личен и понатамошен професионален развој.

Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со цел студентот да стекне знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите. Секоја студиска програма има јасно дефинири дескриптори на квалификации согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации (член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10). Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се дизајнирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодвтената програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување, како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), поседува јасно наведена основна и дополнителна литература. Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно член 140 од Законот за високо образование.

Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми се достапни во приложените акредитирани елаборати.

Прилози

- Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус студии по Енологија (едногодишна студиска програма) - линк
- Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус студии по Органско и биодинамично растително производство.(едногодишна студиска програма) - линк

| 2.3.Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Сите студиски програми на Земјоделскиот институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се креирани согласно континуирано следење и анализа на современите потреби на општеството и земјоделството, современите текови во светското земјоделство, како и неопходните промените кои се наметнуваат како резултат на климатските промени, дигитализацијата и технолошкиот развој. Во глобалната економија, квалитетот на храната која се произведува, стандардите, примена на добрата земјоделска пракса, преработката на земјоделските производи, складиштењето и маркетингот се аспекти кои се од исклучително значење за земјоделските производители, а со самото тоа и за едукацијата во областа на земјоделството. Во рамките на образованието и обуките треба да бидат земени предвид сите нови предмети на едукативниот процес и нивното социо-економско значење. Во текот на прилагодувањето на Институтот кон современите потреби на земјоделството, руралниот развој и заштитата на човековата околина, идентификувани во текот на долгогодишното работење и комуникација со винскиот сектор, се лоцира потребата од измени и дополнување на постоечкиот втор образовен циклус на Земјоделскиот институт. Исто така, во последните десетина години постојано расте динамиката на иновативни и модерни технологии на производство на вино. Поради брзото развивање на модерните енолошки решенија за производство на вино, неопходно е прилагодување и насочување на кадарот вклучен во производствениот процес во винската индустрија, што го нуди оваа студиска програма.

Исто така, студиските програми опфаќаат и практичните аспекти, како и ги земаат предвид најновите трендови на

земјоделските факултети и институти во регионот и светот. Со вака конципираните програми, студентите се стекнуваат со неопходнитре знаења и вештини во целост да одговорат на потребите на македонскиот приватен и јавниот сектор, да се вклучат во земјоделството и да предводат развојни проекти во општеството и земјоделството. Во согласност со членот 67 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РСМ бр. 35/0830/16) и член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) во рамките на Земјоделски интитут–Скопје основан е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми. Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и земјоделството. Студиски програми на втор циклус на студии кои беа акредитирани за 2021/2022 година имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста.

**Прилози**

Релевантни документи:

- Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) -линк
- Законот за високо образование (Сл. Весник на РСМ бр. 35/0830/16) - линк
- Линковите за елаборати на сите студиските програми на Земјоделскиот институт се дадени во индикаторот 2.2.

-Одлуки за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста (Прилог 1.3Б и 1.3Ж)

- Мислење од Одборот за доверба и соработка со јавноста, (Прилог 1.3Ѓ)

| | |
|---|---|
| 2.4.Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студиските програми на втор циклус студии на Земјоделакиот институт-Скопје се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат во соработка со деловната заедница и со организации и институции од земјоделскиот сектор во државата како и со студентите. Со студиска програма Енологија јасно се дефинира ваквиот профил кој произлегува од овие студиски програми, кој е заснован на барањата на пазарот на трудот и современите предизвици. Р.С.Македонија е една од водечките држави во регионот во однос на лозаро-винарската гранка од земјоделството и како таква има потреба од обука, едукација и афирмација на современиот млад човек, кој ќе го насочи на изучување на модерните енолошки практики. УКИМ Земјоделски институт со неговите истражувачки капацитети е во корелација со винската индустрија и редовно зема учество во современите проблеми и предизвици со кои се соочува овој сектор, како резултат на автоматизација и модернизација на процесите. Еден од клучните фактори во оваа програма ќе биде обука за делот од производствениот процес, кој се однесува на правилна употреба, начин и време на аплицирање, како и правилен избор на енолошките алатки, понудени на модерниот енолог, сѐсоцелдасеолесни, упростииподобрипроцесот, апритоадасеекономскипоисплатливи.

Студентите запишани на студиските програми, доаѓаат од директно од компании со кои Земјоделскиот институт има воспоставено долгодишна соработка, официјализирана со потпишување на Меморадуми за соработка. Студентите на втор циклус студии, во најголем дел се веќе вработени и активни учесници во земјоделскиот, а најмногу во винарскиот сектор и други организации, па оттаму директно даваат придонес во соработка со наставниците преку дискусии и идеи кои потоа се користат при ревидирање на студиските програми.

Ваквиот придонес го даваат и во текот на образовниот процес, при консултации, при изработка на семинарски задачи, испитите, како и при изработка на магистерската тема. Студентите земаат активно учество во конференциите и работилниците кои се одржуваат од страна на Земјоделскиот институт, во државата и во странство,каде што се добиваат свежи идеи и потреба за прилагодување на програмата кон новите трендови и се спречува нејзиното застарување.

Преку ваквиот процес со создава средина за поддршка и унапредување на знаењето и критичкото размислување за студиите. При реакредитација на студиските програми, наставниот кадар вклучен на соодветната програма ја адаптира и осовременува како содржината, така и посочената литература на секој поединечен предмет.

Исто така, при креирање на студиската програма, се води сметка таа да одговара на современите текови и барања на земјоделскиот сектор, во насока на креирање на кадар кој ќе одговара на потребите на пазарот, како и на современите светски трендови, со цел магистрираните студенти да бидат конкурентни и водечки во своето поле на работа.

Студиските програми на втор циклус студии на Земјоделскиот институт-Скопје се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат во соработка и со другите релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи

и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и сл.) со цел да се избегне нивно застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високообразован кадар од областа на земјоделството. Еден од начините е и Одборот за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми. Одборот дава мислење за општествената оправданост и подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и земјоделскиот сектор.

**Прилози**

- Извештај од самоевалуација од последните 5 години - линк

-Одлуки за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста (Прилог 1.3Б и 1.3Ж)

| | |
|---|---|
| 2.5.Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Кај студиските програми посебно е нагласена тенденцијата за нивно континуирано усовршување и реформирање, а при тој процес особено се внимава на позитивните практики од светските универзитети, со цел доведување во состојба на компатибилност со соодветните студиуми во светот.

Заради целосната покриеност на студиските програми со домашни наставници и поради малиот број на студенти запишани на студиските програми од втор циклус студии, во последните 5 години не се ангжирани надворешни/странски наставници или експерти кои би биле активно вклучени во студиските програми.

Трансферот на знаења и корисистење на искуства од соодветните студиски програми на реномираните странски универзитети претставува појдовната нишка во процесот на акредитација на студиските програми.

Така, при акредитација на новите едногодишни студиските програми од втор циклус на студии користени се примери од соодветни програми од реномирани универзитети и истите се споредливи со слични програми на странски високообразовни институции, особено во рамките на европскиот образовен простор.При креирањето на студиските програми посветено е внимание истата да е споредлива со програмите од странски еминентни високо образовни институции од каде се црпат значајни позитивни искуства.

Примери за студиски програми од областа Енологија се:

Универзитет во Загреб, Хрватска, Агрономски факултет – Diplomski (master) studij, Hortikultura-Vinogradarstvo I vinarstvo - линк

Institute of Agricultural Sciences – Bordeaux, France: Master of Science, Vineyard & Winery management - линк

Plumpton College, United Kingdom - MSc Viticulture & Enology, -линк

Универзитет во Загреб, Хрватска, Агрономски факултет – Diplomski (master) studij, Ekoloska poljoprivreda i agroturizam - линк

**Прилози**

- Извештај на Директорот за работата на Земјоделски институтСкопје за периодот октомври 2020-октомври 2021-линк

- Извештај на Директорот за работата на Земјоделски институтСкопје за периодот октомври 2021 – октомври 2022 година - линк

- Линковите до Елаборати на сите студиски програми за втор циклус студии на Земјоделскиот институт се дадени во индикаторот 2.2

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Системот на студирање на вториот циклус на студии на Земјоделскиот институт е во согласност со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е опишан детално во Елаборатите на студиските програми. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити. Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за втор циклус на студии и овозможува студентот да

| | |
|---|---|
| остварува надворешни активности за време на студирањето, како што е учество на семинари, конгреси, симпозиуми. Ваквиот пристап е од особено значење, со оглед на тоа што доминантно студентите од втор циклус на студии се вработени. Преку запишување на студентите на втор циклус на студии, тие имаат можност да го комбинираат и надоградуваат своето практично знаење со знаењето кое го стекнуваат на соодветната студиска програма.<br>Во елаборатите, сите предметни програми имаат ЕКТС - кредити кои го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студиска година, во што се вклучени: предавања, практична работа, теренски активности, семинари, како и испити и други можни методи на евалуација.<br>ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити се еквивалент за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студентите на втор циклус студии е 60. Оптовареноста на студентите од втор циклус на студии е јасно распоределена во елаборатите на секоја стидиска програма и истата се распределува на следните форми на наставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинари,тимска работа, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење. Земјоделскиот институт има соработка со многу приватни и државни компании од областа на земјоделството, како и институции од јавниот сектор. Сите тие се јавуваат во улога на креатори на различни политики што им обезбедува на студентите соодветен практичен аспект при решавање на конкретни прашање и нивна анализа. Во текот на студиите, посебно се охрабрува соработката на студентите со конкретни институции при изработка на семинарски и магистерскитрудови, со што се подигнува нивната додадена вредност и се создава можност за воведување нови технологии во производството на вино и и производството на храна од растително потекло.Исто така, практичната настава се реализира преку наставниот предмет со назив Стручна пракса (6 ЕКТС), кој студентите го реализираат во вториот семестар од студиите во компании од областа на земјоделството. Во извештајниот период, реализирани биле следните обуки:<br>1. Обука SWG Summer Wine School - SEE Advanced Training Course, Скопје, РСМ, 13-18.05 2024<br>2. Обука Precision Agriculture for the Mediterranean region - Advanced Specialized Course, CIHEAM, Бари, Италија, 9 септември - 8 ноември 2024 | |
| Прилози<br>Релевантни документи:<br>- Линковите до сите Елаборати на студиските програми за втор циклус студии се дадени во индикаторот 2.2 | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |
| Информациитеповрзани со студиските програми на втор циклус на студии навремено се објавуваат на интернет страната на Институтот и истите кореспондираат со официјалните записи. За секоја студиска програма е прикачен елаборатот во кој детално се опишани задолжителните и изборните предмети со соодветните кредити, дадена е содржината на секој предмет со наставниците, како и сите документи кои се неопходни за информирање на студентите во врска со студиската програма. | |
| **Прилози**<br>Линкови до интернет страната каде се објавени наведените информации:<br>1. Линк до интернет страната на институтот - линк<br>2. Инфо за Втор цикус на студии – линк<br>3. Извештај на Директорот за работата на Земјоделскиот институт, Скопје,2023 година- линк | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Студиските програми на втор циклус на студии на Земјоделскит институт-Скопје континуирано се следат и периодично се ревидираат со цел да се согледаат причините за намалениот интерес кај кандидатите за студирање. Во | |

2Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

таа насока, студиската програма Енологија, за која е забележан поизразен интерес, е акредитирана по нова програма во 2021 година, а воведена е и сосема нова програма Органско и биодинамично растително производство.(едногодишна студиска програма) со единствена цел приближување на програмите кон потребите на студентите и заедницата.Имено, студиската програма за Органско и биодиманично производство произлегува од растечката потреба на широката заедница како потрошувач на безбедна и здрава храна, а истовремено недоволната информираност за самиот процес на производство. Со воведување на новата студиска програма, се очекува студентите преку предметната настава, да ја разберат важноста на почвата како природен ресурс и нејзината повеќенаменска улога во средината, истовремено изучувајќи ги современите методи во целината,почва-вода-растение, и многубројните интеракции во истата. Покрај тоа, овој студиум има за цел да овозможи детално изучување на одделни сегменти од широкиот опсег на органското производство, како неопходна алатка за целосно разбирање и раководење со истото. Органското и биодинамично растително производство промовираат методи и практики кои ја обновуваат, одржуваат и подобруваат еколошката рамнотежа во производствениот процес. Покрај тоа, постојат можности за пласирање на работна сила на полето на управување со водни, почвени и природни ресурси, советодавни служби, организација на ланци на снабдување, како и продолжување со научно-истражувачка работа во специфични полиња на интерес Студентите по завршување на програмата Органско и биодинамично растително производство, како одговор на барањата на пазарот, ќе бидат подготвени да бидат директно вклучени во комерцијалното производство на органска, здрава и безбедна храна или придружните дејности на оваа гранка.

За сите промени,учесниците и засегнатите страни се навремено известени. Информациите за сите ревидиранистудиски програми, како и за новововедените студиски програми се навремено објавени на вебстраната на Земјоделскиот институт-Скопје и се јавно достапни за сите заинтересирани страни.

Постапката за акредитација-реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува еднагодина пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

На ниво на втор циклус егзистираат 2 едногодишни студиски програми:Енологија и Органско и биодинамично растително производство.

По добивање на Решение за акредитација на студиската порграма Енологија (едногодишни студии) на 01.10 2021 година (арх. Бр. 08-227/7), добиено е и Решение за почеток на работа на 09.11 2021 година (арх. Бр. 03.1031/4).

По добивање на Решение за акредитација на студиската порграма Органско и биодинамично растително производство (едногодишни студии) на 05.06 2022 година (арх. бр. 08-228/6), добиено е и Решение за почеток на работа на 07.07 2022 година (арх. бр. 08.643/4).

Поради малиот број запишани студенти, професорите работат со секој студент посебно. Сепак, за да биде регулирана наставата, во тек е изработка на Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје.

**Прилози**

Решение за акредитација на Енологија 4+1 -линк

Решение за акредитација на Органско и биодинамично растително производство4+1 - линк

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

На Земјоделскиот институт, Скопје се прибираат статистички податоци кои редовно се следат и системски се анализираат, а истите служат за донесување соодветни одлуки базирани на податоците. Во поглед на студиските програми,Институтот го следи бројот на студенти (новозапишани, испишани,магистрирани), просечни оцени, број и причини за испишување на студентитет.е. напуштање на студиите и сл.)

Приказ на некои од основните податоци за втор циклус едногодишни студии:

Во учебната 2022/2023 година се запишал 1 студент, додека во учебната 2023/2024 година се запишани 2 студенти (1 студент од Р.С. Македонија и 1 студент од Р. Србија).Во анализираните учебни години состојбата со упис на студенти на втор циклус студииостанува во надолен тренд. Интересот за запишување на вториот циклу на студииспоредено со состојбите од минатото, покажува намален интерес. Со иновирањена програмите се очекува да поголем интерес при запишувањето на втор циклус студии вопериодот што следи. Секако мора да се има и предвид генералниот тренд на ниво надржавата за опаѓање на бројот на студенти.

Согласно статистичката евиденција од I-know системот и сметководството:

- на програмата Органско и биодинамично производство во текот на учебната 2022/23 и 2023/24 година реализирани се 1 задолжителен и 1 изборен предмет во летниот семестар; 2 задолжителни и 1 изборен предмет во зимски семестар 2023/24.
- на програмата Енологија, во учебната 2023/24година, во зимскиот семестар реализирани се 3 задолжителни и 3 изборни предмети, додека во летниот семестар 2023/2024 реализирани се 2

| | |
|---|---|
| | изборни предмети.Согласно статистичките податоци во Земјоделскиот институт, Скопје, просечната оценка на студентите за положените испити е 10. Со оглед на тоа што има мал број на студенти, има менторски начин на работа, односно индивидален пристап во работата со секој студент посебно и како резултат на тоа максимална оценка на завршниот испит. |
| Прилози<br>- Извештај на Директорот за работата на Земјоделскиот институт, Скопје2022,2023 година- линк<br>- Iknow систем линк | |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Механизам 1 – Јасно дефинирани надлежности во Статутот на Земјоделскиот Институт - Скопје<br>Механизмите кои обезбедуваат процес на изведуваање на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на Земјоделскиот институт - Скопје е обезбеден преку повеќе акти и документи - кои<br>доследно се спроведуваат во практика. Во Статутот на Земјоделскиот институт-Скопје јасно се дефинирани надлежностите на Институтот меѓудругото и во насока на наставно образовната дејност.<br>Механизам 2 – Јасно дефинирани активности кои се предмет на оценување низ:<br>- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018.<br>.При изведување на наставата се користат интерактивни методи и тоа семинарски трудови, панел дискусии, формални дебати, а особено внимание се посветува на истражувачките проекти и дискусиите. Предметните програми го прецизираат завршното оценување кое е јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини кои се комуницираат со студентите. При тоа се практикуваат дискусии и презентации на изработените семинарските трудови пред други колеги студенти со што се поттикнува културата на споделување на знаења и конструктивна дискусија. Елаборати по студиските програми каде јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација,теренска настава, проекттна работа и многу други работи предвидени во предметната програма<br>Механизам 3 – Директно информирање на студентите преку интернет страната на институтот, каде студентите се информираат за:<br>· Правила на студирање на втор циклус студии<br>· Изработка на Магистерски труд<br>· Изработка на семинарска работа<br>· Пријава за проектна задача<br>· Пријава за магистерски труд | |
| **Прилози** | |

| |
|---|
| Релевантни документи:<br>1. Статут наЗемјоделскиот институт - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк<br>2. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје -линк<br>3. Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во индикатор 2.2 |

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

А .Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 25 -31) се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на истите), како предавања, вежби, консултации, семинарски работи, студии на случај, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Се остава флексибилност и за вклучување (лице во лице или виртуелно) на предавачи и гости од други високо образовни институции и стручњаци од практика во наставата.

Б. Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата согласно потребите на студентите се дел од Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма.

В. Студиските програми овозможуваат користење на иновативни и педагошки методи во наставата преку кои се стимулира и поттикнува работата на студентите Со оглед на тоа што студентие на втор циклус студии генерално веќе се вработени и имаат одредено практично искуство, во текот на изведување на наставата се настојува да се комбинира веќе стекнатото практично искуство и преку студии на случај или бази на податоци да се продлабочуваат истражувачките и критичите компетенции на студентите, како во изработката на семинарските трудови, така и во изработката на магистерскиот труд. На овој начин студентите, критички и стратешки размислуваат и се насочуваат кон донесување на рационални одлуки. Со користење на современа литература, истражувања и практични примери, студии на случај, како и со пишување на семинарски трудови базирани на реални проблеми во земјоделството, студентите можат да ја користат теоријата во практика, при донесувањето на одлуки, како во нивното работење, така и во понатамошно академско надградување.

Г. Флексибилноста кон студентите е овозмоожена на тој начин што термините за консултациите и испитите се закажуваат иидивидуално во договор со предметните професори.

**Прилози**

- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје -линк
- Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во индикатор 2.2.

-Прилог 3.1.Одлука за изведување на настава на стручњак од практиката - Арх. бр. 0202-82/6 од 24.02 2023

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во елаборатите на студиските програми предвидени се начините за изведување на наставата насочени кон интерактивно учење, како и пристап фокусиран на студентот, развојот на негововите вештини и компетенции. Во нив јасно се наведени начините и механизмите, односно предметот на оценување - тестови, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна задача, домашна задача и сл. предвидени во предметните програми. Сите овие можности се применуваат од страна на професорите за секоја студиска програма согласно спецификите на предметите, каде се става посебен акцент на користење интерактивни методи како што се изработка на семинарски трудови врз база на претходни истражувања и објавени резултати од областа, панел дискусии организирани од страна на Земјоделскиот институт и други релевантни институции од владниот и невладиниот сектор, а особено внимание се посветува на учеството на студентите во подготовка на предлог проекти (национални и меѓународни), како и нивно активно учество во имплементација на мерки од истражувачките проекти. На

тој начин студентите имаат можност за интерактивно учење со цел развој на нивните вештини и компетенции.
Во изминатите пет години Земјоделскиот институт-Скопје реализираше неколку научноистражувачки и апликативни проекти. Во научноистражувачките проекти на Институтот беа вклучени двајца студенти. Едниот студент беше вклучен во три научнипроекти: „Комерцијализација и ревитализација на автохтоната винска сорта станушина"финансиран од Земјоделскиот институт во период 2022-2024 година „„Медовината како иновативен производ во пчеларството и винарството" финансиран од Општина Гази баба во 2022/2023 год.,„Антиоксидативна активност на плодовите од автохтони сорти и популации од овошје, зеленчук и грозје", УКИМ 2020/2021". Вториот студент е вклучен во еден проект „Мониторинг на житните стеници, штетници на квалитетот на пченицата во различни региони во Македонија", финансиран од Земјоделскиот институт во 2023/2024 година. Проектот е сеуште во тек. И во иднина, Институтот треба да се фокусирана вклучување на студенти од втор циклус на студии во научноистражувачки проекти. Исто така, интенција на Институтот е студентите активно да бидат вклучени во други научноистражувачки активности, како учество на конференции, семинари, вебинари, како и во издавачката дејност преку пишување на научни трудови.Во анализираниот период, еден студент учествуваше во 4 научни конференции организирани од страна на Институтот, 1 симпозиум во странство (2023), посети на 3 вебинари (2024год), 1 обука (летна школа – 2024 год), презентација на труд на I Научен Конгрес на Универзитетско Студентско Собрание при Универзитет Св. Кирил и Методиј во 2023 година и на IV студентска конференција од областа на земјоделството' во 2023. Студентот објави 4 абстракти од учествата на научни собири и еден научен труд со резултати од проект на институтот.
Дополнително, можноста да се запишуваат студенти од различни факултети од областа на биотехничките науки, овозможува интердисциплинарен пристап, базиран врз студии на случај приспособен на циклусот на студии.

**Прилози**

1. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк
2. Линкот за Елаборати по студиските програми е даден во индикатор 2.2
3.Податоци за вклученост на студентите се прикажани во индикатор 6.4

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Во елаборатите на секоја студиска програма, детално се утврдени и елаборирани механизмите/алатките на оценување. За секоја студиска програма јавно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се прикаже нивниот степен на постигнати резултати. Согласно Елаборатите за секоја студиска програма и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2018, јасно се наведени и детално се елаборирани предметите на оценување (вежби, практична задача,семинарски трудови, теренска настава, домашна задача, проекти итн.).Понатаму, детално е елаборирано како се пријавува и како се изведува испитот. Наведените постапки се почитуваат од страна на наставниот кадар во секоја студиска програма согласно спецификите. Во Елаборатите може да се видат и наставниците за секој предмет - што укажува дека е обезбедено секој предмет да има можност за повеќе испитувачи. Испитувањето се врши од страна на наведените предметни наставници. Наставниците на сите предмети детално ги запознаваат студентите со начинот на изведување на наставата, начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оценка.

**Прилози**

- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – линк
- Линкот за Елаборати по студиските програми е даден во индикатор 2.2
- Прилог стандард 3

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Во Елаборатите на секоја студиска програма, Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски

<table>
<tr><td colspan="2">студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018 јасно се наведени критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите. Истите се објавени на веб страната на Земјоделскиот институт. Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Во тек е изготвување на документ со Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Земјоделскиот институт во кој ќе се регулираат специфичните начини на вреднување и оценување на студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>1. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк<br>2. Линковите за сите Елаборати се дадени во индикатор 2.2.</td></tr>
<tr><td>3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.</td><td>Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи.</td></tr>
<tr><td colspan="2">А.Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти во согласност со сите процедури<br>Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018, јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинасрски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.<br>Б. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Во секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.<br>В. Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети во текот на семестарот низ неколку фази. Најпрво добиваат повратна информација во врска со избраната тема за семинарска од двајцата наставници, по што следува повратна информација во однос на тезите по избраната тема на семинарска за дадениот наставен предмет. Во текот на изработката на тезите, студентите работат на нивно унапредување со насоки и корекции од страна на наставниците.<br>Студентите се известени за нивните оцени/резултати веднаш по завршување на испитот. Доколку испитот се одвива писмено резултатите се објавуваат неколку дена по испитиот и истите се достапни на огласна табла.<br>Во наставната прогрма по секој предмет може да се видат и наставниците кои го водат дадениот предмет, со што дополнително се придонесува кон унапредување на процесите на оценување на студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк<br>Линковите за сите Елаборати се дадени во индикатор 2.2.</td></tr>
<tr><td>3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.</td><td>Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Правата на студентите се остваруваат согласно Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Со цел спречување на корупција во академската заедница во приложената Нацрт-политика за спречување на корупција на Универзитетот определени се обврските и должностите на Универзитетот, како и на единиците во неговиот состав и на вработените вклучително наставниот, соработничкиот и административниот кадар на Универзитетот.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Земјоделскиот институт ги следи начелата од Правилникот за работа и надоместок на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје.<br>Заради малиот број на запишани студенти во изминатите академски години, не се јавила потреба од изработка на Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ Земјоделски институт, како и одредување на лице кое ќе биде овластено за прием на пријави на корупција. Сепак, во иднина од страна на членовите на ННС ќе биде овластено лице за прием на пријави на корупција, а сите детални информации за постапката ќе бидат објавени на веб страната на институтот. |
| **Прилози**<br>- Прирачник за примена на Законот за заштита на укажувачи<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/653_ISIE_Priracnik_za_primena_na_Zakonot_za_zastita_na_ukazuvaci.pdf<br>- Нацрт универзитетска политика<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/653_Nacrt_Univerzitetska_politika.pdf<br>- Образец за пријавување - Линк<br>- Закон за заштита на укажувачи (пречистен текст)<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/653_Zakon_za_zastita_na_ukazuvaci-precisten_tekst.pdf |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за времето на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| При реализацијата на образовната дејност Земјоделскиот институт-Скопје во целост го применува Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во него јасно се утврдуваат сите релевантни аспекти за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии на првиот и вториот циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 417/2019 година). Поради малиот број запишани студенти, потребата за изготвување Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Земјоделскиот институт не беше ургентна, но сеуште е неопходно подетално да се уредат и образложат релевантните аспекти во однос навториот циклус на студии,а се однесуваат на уписните постапки, студентскиот календар, испитниот режим, напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите прекинувањето, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање, признавањето на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење напостапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите на Земјоделски институт–Скопје. | |
| **Прилози**<br>Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Следењето и водењето на евиденција на напредокот на студентите се врши согласно дефинираната рамка во Законот за високо образование и Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор | |

циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје; Правилник за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование инаука,врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование,(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Во постапка е изработка на Одлука за правилата на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт. Согласно Член 159 од Законот за високо образование, Земјоделскиот институт-Скопје води матична книги на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти на втор циклус студии и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето и содржината на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти на втор циклус студии, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Матичната книга и главната книга се документи од трајна вредност.

Студентите на Земјоделскиот институт-Скопје го користат IKNOW системот согласно Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси iKnow, објавено на веб страната на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Прилози**

- Закон за високо образование -линк
- Правилник за водење евиденции за високото образование - линк
- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
- Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга назапишанистуденти и главна книга на дипломирани студенти - линк
- IKNOW СИСТЕМ - линк
- Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси iKnow - линк

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Во Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) дадени се насоки за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. Поради малиот број на запишани студенти, до сега не се појавила потреба да подетално уредување на оваа проблематика. Сепак, во периодот што следи, сериозно ќе се поработи на регулирање на ваквата постапка во рамки на Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Земјоделскиот институт, Скопје.

**Прилози**

Закон за високо образование -линк

Прилог стандард 4

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја објаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Во Законот за високо образование (Оддел 5, Член 155) јасно е дефинирана рамката и содржината на Дипломата, уверението и додатокот на диплома, додека во посебен Правилник во Службен весник 102 /2018 детално е утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.

Документацијата која ја издава Земјодеслки институт- Скопје е согласно оваа законска регулатива и истата е јасна, сеопфатна и разбирлива, во оваа насока и дипломата која се издава е јасна, сеопфатна и разбирлива, а документите кои се издаваат (дипломата, уверението и додатокот на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршените студии.

**Прилози**

Закон за високо образование -линк

Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи - линк

# Стандард 5

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.</td><td>Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Според постојната состојба (30 јуни 2024 година) Земјоделски институт има вкупно 35 вработени лица(23 лица наставно-научен кадар, 3 лица избрани во соработничко звање, 3 виши лаборанти и 2 лаборанти).<br>Во наставата се ангажирани вкупно 17 наставници на двете студиски програми. Во однос на структурата на постојниот наставен кадар може да се констатира дека денес Институтот располага со искусен и компетентен кадар.<br>Врз основа на биографиите може да се согледа активното учество на секој наставник во процесите поврзани со унапредување на компетенциите и вештините, како и на квалификациите за реализација на студиските програми. Во овој процес од не помала важност е континуираната вклученост на наставниот кадар во научноистражувачката работа на Институтот (објавувањето на посебни публикации и научни трудови, кои се користат како основна или дополнителна литература во наставата), како и соработката и размената на искуства со наставно-научен кадар од сродни високообразовни и научни институции, во земјата и во странство.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>- Статут на Земјоделски институт -линк<br>- Прилог 5.1.АБиографии на наставен кадар<br>- Одлуки за избор на научен кадар –<br>Microsoft Word - ˆ4;C:8-70-?>A;545=-871>@-2>-720Z5-70-=0AB02=8>B-8-A>@01>B=8G:8>B-:040@<br>- Прилог 5.1.ВПреглед на предмети кои кадарот ги предава</td></tr>
<tr><td>5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии одн. научната област.</td><td>Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2т.21од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во извештајниот периодот наставно научниот и соработничкиот кадар на Земјоделскиот институт со свои трудови учествувал на меѓународни академски собири, а нивните рецензирани научни трудови се објавени во релевантни списанија и во зборници на трудови - вкупно 15 (Прилог 5.2.Б). Што се однесува на индивидуалните податоциза секој вработен со наставно-научно и соработничко звање, за секоја од споменатите категории, истите се претставени во рамки на нивните биографии (Прилог 5.1.А). Врз основа на овој сумарен преглед на објавените посебни публикации инаучни трудови во референтни научни публикации на наставно-научниот и соработничкиот кадар на Земјоделскиот забележано е негативното влијание од отсуството на финансиски средства од ресорното министерство за финансирање научно-истражувачки проекти од кои понатаму би произлегле резултати и нивно објавување во релевантни меѓународни списанија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 5.1.А - Биографии на наставен кадар<br>Прилог 5.2.Б Листа на објавени трудови во референтни научни публикации</td></tr>
<tr><td>5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира</td><td>Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и</td></tr>
</table>

3Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Наставниот кадар на Земјоделскиот институт одржува настава само на втор циклус студии и се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. Заради малиот број запишани студенти (во последните години се запишани само 3 студенти), се применува консултативно-инструктивна настава, по договор меѓу студентот и наставникот. Во овој момент се изготвува Одлука со која ќе се регулира ваквиот тип на настава.Според бројот на предвидени часови по предмети и семестри во студиските програми, кај сите наставници бројот на предавања по семестар не е повеќе од 4 предмети. Бројот на лица со наставно-научни звања во работен однос со полно работно време во установата изнесува 17 , што се гледа од Прегледот на предмети по наставник и Одлуките за последен избор во звање на наставниот и соработничкиот кадар.

**Прилози**
Прилог 5.1.БПреглед на предмети по наставник
Одлуки за последен избор во звање на наставниот и соработничкиот кадар–
Microsoft Word - ˚4;C:8-70-?>A;545=-871>@-2>-720Z5-70-=0AB02=8>B-8-A>@01>B=8G:8>B-:040@
Закон за високо образование -линк
Колективен договор за високо образование - линк

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

При вработувањето на наставен и соработнички кадар, како и при изборите, реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците,Земјоделскиот институт -Скопје ги почитува критериумите коишто произлегуваат од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), усвојувањето на новиот Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 444 од 9.10.2019 година), Статутот на Земјоделскиот институт – Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 452 од 15.10.2019 година),Правилник за внатрешната организација на Земјоделскиот институт-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 348 од 15.11.2016 година); Правилникот за систематизацијата на работните места во Земјоделскиот институт,(„Универзитетски гласник“, бр. 348 од 15.11.2016), Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје(„Универзитетски гласник“, бр.411, од 5 ноември 2018 година).

Прегледот на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кој се однесува на 2023/24 година, потврдува дека во Земјоделскиот институт-Скопје се воведени транспарентни, јасни и во согласност со законските нормативи, процеси на унапредување, односно избор на наставниот кадар во повисоки звања кои овозможуваат еднакви можности.

Во прегледот од Прилог 5.4.Азабележливо е дека во изминатата година објавени се два конкурси и дека на секој конкурс се пријавило по едно лице, односно дека немало противкандидати кои аплицирале на истиот конкурс, а со тоа и немало постапки по приговори од останати кандидати. Независно од тоа, постапката и роковите се целосно почитувани и се во согласност со актите за напредување на постојниот наставен кадар. Во насока на транспарентност на постапките за избор на наставниот кадар во повисоки звања, рецензентските извештаи за избор сеобјавени во Билтенот на Универзитетот и заедно со Одлуката за избор од НС може да се најдат на веб

4Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

страницата на Институтот. Во овие документи јасно се претставени аргументите зошто била избрана во повисоко звање или вработена одредена личност во научно звање и да се провери исполнетоста на критериумите за направениот избор. Праксата на институтот во овој однос целосно кореспондира со утврдените критериуми.

**Прилози**

Прилог 5.4.Преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања

- Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 444 од 9.10.2019 година) – линк
- Статутот на Земјоделскиот институт – Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 452 од 15.10.2019 година) - линк
- Правилник за внатрешната организација на Земјоделскиот институт-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 348 од 15.11.2016 година)- линк
- Правилникот за систематизацијата на работните места во Земјоделскиот институт,(„Универзитетски гласник“, бр. 348 од 15.11.2016), година- линк
- Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје(„Универзитетски гласник“, бр.411, од 5 ноември 2018 година) - линк
- Одлуки за последен избор во звање за наставниот и соработничкиот кадар –

Microsoft Word - ˚4;C:8-70-?>A;545=-871>@-2>-720Z5-70-=0AB02=8>B-8-A>@01>B=8G:8>B-:040@

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Во делот на процесите кои се одвиваат редовно на Земјоделскиот институт, наставниот кадар ја врши својата дејност во два објекти (Скопје и Кочани) наменети за образовна дејност и научно-истражувачка работа.

Зградата во Скопје, е седиште на речиси целокупниот кадар на Институтот,

сместен во 16 канцеларии со вкупна површина од 240 m2, Библиотека со површина од 50m2,предавална со површина од 50m2 опремена со аудио-визуелна опрема за непречено одвивање на наставата.

Во изминатиот период е направена набавка на современи компјутери (десктоп и лаптоп) за целиот наставно-научен кадар како и за административниот кадар во насока на унапредување на процесите на целата институиција.

Библиотеката располага со солиден библиотечен фондза речиси сите научни области од Земјоделските науки.

Во Библиотеката има повеќе активни интернет независни приклучоци и Wi-Fi, преку кои можат да се пребаруваат стручни и научни списанија, да се користи електронска литература и сл.

Работата на библиотеката е од затворен тип, односно главни корисници на библиотечниот фонд се вработените, како и студентите на вториот циклус на студии на Институтот.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на сите единици им овозможува електронски пристап до седум (7) научни бази. Линковите за лиценциран електронски пристап до сите седум (7) научни бази, може да се најдат на инернет страната на Универзитетот.

Институтот, и во иднина ќе се заложува за одржување на добри просторни услови за работа и нивно постојано унапредување, овозможување на услови за дигитализација во сите негови организациски делови и дејности, како и изнаоѓање средства и програми за финансирање обуки и тренинзи за унапредување и развој на кариерите на сите вработени. Согласно истото, континуирано се утврдуваат потребите за тековно унапредување на условите за работа на наставниот и соработничкиот кадар. Тие се реализираат преку годишни планови кои се усвојуваат, а по потреба и се ревидираат, со одлуки на Институтската управа и на Наставно-научниот совет. Врз основа на годишните планови се прави план на јавни набавки, кој се спроведува согласно законската регулатива, Повеќе информации за јавните набавки на Земјоделскиот институт, Скопје за последните пет години (2016-2023 година) може да се најдат на веб страната на Институтот.

Редовно на интернет страната на Институтот, се објавува Планот за работа на институтот во мандатниот период на директорот.

**Прилози**

- Статут на Земјоделскиот институт, Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 452 од 15.10.2019 година) - линк

- Јавни набавки на Земјоделскиот институт, Скопје - линк
- Лиценциран електронски пристап до научни бази линк: на веб страната на УКИМ – e-Library UKIM Access - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
- План за работа на Земјоделски Институт во мандатен период на директорот - линк

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Со Статутот на Земјоделскиот институт-Скопје (член 80) се уредува правото на наставниците, односно лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања вработени во Институтот. На вработениот кадар, секои пет години му се одобрува платено оттсуство во траење до една година, односно неплатено оттсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област или за престој на високоообразовна или научна установа со статус во наставно научно или научно истражувачко звање.

Наставно Научниот Совет одлучува за оттсуството на вработениот на предлог од одделението каде што припаѓа наставникот, лицето избрано во научно звање, односно соработник, а во предлогот се наведува дека за оттсутното лице е обезбедена замена.

Во последните пет години активностите на Земјоделскиот институт, Скопје, поврзани со унапредувањето на наставниот кадар не се реализирани зарадиограничените финансиски средства на Институтот. Обуките и тренинзите на кои имаат учествувано вработените, најчесто се во рамките на активностите на меѓународни проекти.

**Прилози**

Статут на Земјоделски институт - линк

Годишен Извештај на Директорот - линк

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во изминатата учебна година во Земјоделскиот институт немаше визитинг наставници од странство, но, со Одлука на научен Совет, ангажиран е еденстручњак од практиката за определени поглавија од предметот Сензорна анализа во студиската програма Енологија.

**Прилози**

- Одлука за изведување на настава на стручњак од практиката - Арх. бр. 0202-82/6 од 24.02 2023(Прилог 3.1.)

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Во актуелниот период,Земјоделскиот - институт-Скопје реализираше 22 проекти финансирани по различни основи. Прегледот на реализираните проекти со податок за изворот на финансирање и раководител на проектот е даден во Листата на проекти 2019/24).

Земјоделскиот институт-Скопје во текот на своето осумдецениско постоење особено внимание посветува на научноистражувачката работа во насока на идентификување на проблемите и предлагање на решенија за актуелни прашања од областа на земјоделските науки.Исто така, со акредитацијата на студиските програми од втор циклус студии, настојува да ја зајакне поврзаноста на науката и наставата. Во Институтот постојат можности за вклучувањена студентите во делот на научноистражувачката работа при реализација на проекти. Со овие активности тие стекнуваат искуство во делот на научноистражувачката работа, кое им е неопходно при подготовка на магистерските трудови. Во анализираниот период, во научноистражувачки проекти на Институтот беа вклучени двајца студенти (од вкупно тројца запишани).

Едниот студент беше вклучен во три научнипроекти, а вториот студент е вклучен во еден проект. Исто така,

интенција на Институтот е студентите активно да бидат вклучени во други научноистражувачки активности, како учество на конференции, семинари, вебинари, како и во издавачката дејност преку пишување на научни трудови.Во анализираниот период, еден студент учествуваше во 4 научни конференции организирани од страна на Институтот, 1 симпозиум во странство (2023), посети на 3 вебинари (2024год), 1 обука (летна школа – 2024 год), презентација на труд на I Научен Конгрес на Универзитетско Студентско Собрание при Универзитет Св.,,Кирил и Методиј' во 2023 година и на IV студентска конференција од областа на земјоделството' во 2023. Студентот објави 4 абстракти од учествата на научни собири и еден научен труд (2021) со резултати од проект на институтот.

Во последните пет години во организација на Земјоделскиот институт-Скопје беа реализирани 6 конференции, 10 работилници и 3 обуки. (Прилог 5.8.А Листа на конференции и работилници на ЗИ во последните 5 години) кои редовно беа објавувани на фејсбук страната на Институтот)

Мобилноста е една од можностите за унапредување на истражувачките и педагошките капацитети на наставно-научниот кадар на Земјоделскиот институт- Скопје. Како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – во Скопје, Институтот учествува во реализација на Еразмус+ програмата за меѓународна соработка и мобилност на наставно-научниот кадар инастојувада ги вклучи своите вработени во меѓународните активности и да воспостави мрежа на соработка со сродни високообразовни и научни установи.Индивидуална мобилност преку Еразмус+ програмата, во последните пет години оствариле четворица наставно-научни работници од Земјоделскиот институт. Двајца професори, проф.д-р Климе Белески и проф.д-р Душко Неделковски извршиле престој на Институтот за лозарство и енологија во Плевен, Р. Бугарија (Програма за индивидуална мобилност на студенти и наставен кадар за академската 2020/2021) и двајца – н.сор. Марија Ѓошева Ковачевиќ и асистент м-р Деспина Поповска Стојанов,остварарија престој на Институтот за медитерански култури и мелиорација во Сплит, Хрватска во период 9-13 септември 2024 година (Програма за индивидуална мобилност на студенти и наставен кадар за академската програма 2023/2024). Сметаме дека во иднина, Институтот треба да настојува поголем број од научниот кадар да се вклучи во реализација на Еразмус+ програмата.

Инаку, според Мобилната програма за индивидуална размена на наставно-научниот кадарво изминатиот период во Земјоделскиот институт престојувале вкупно 32 научни работници од Р.Бугарија, од 10 научни институти. Со повеќето институти, Земјоделскиот Институт – Скопје има склучено меморандуми за меѓународна соработка.

**Прилози**

5.8.А Листа на конференции, работилници и обуки на ЗИ во 2023/24

5.8.БПокана -Деспина Поповска Стојанов

5.8.ВПоканаМарија Ѓошева Ковачевиќ

5.8.Г Покана - Душко Неделковски

5.8.Д Покана - Климе Белески

5.8 Ѓ Листата на проекти 2023-2024 година

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Земјоделскиот институт, Скопје во рамките на своите можности,во континуитет ја реализира својата заложба за воведување на иновации во наставата поддржани со нови технологии.

Во рамките на наставниот процес, спроведени се активности за воведување нови технологии во производството на вино и жестоки пијалоци во кои е вкучено и производството на мед. Резултатите од истражувањето се инкорпорирани во студиската програма Енологија.

Во програмата Органско и биодинамично земјоделско производство употребени се геоматски решенија при проценка на квалитетот на почвата.Исто така, новата опрема за молекуларна и серолошка дијагностика на растителен материјал веќе наоѓа примена и во наставно-едукативниот процес и во истражувачкиот дел.

Во иднина, Институтот активно ќе работи на воведување на нови софтверски пакети со можност за нивна примена во научноистражувачката работа,образовната и апликативната дејност.

**Прилози**

Извештај на Директорот за работата - линк

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот за плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Земјоделскиот институт-Скопје доследно го почитува Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и се залага за доследна примена на сите етички правила во наставата и научната работа, и не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијаторство (член 19 и 20) во научноистражувачката работа и во образовниот процес. Согласно актите на Универзитетот, дисциплинска комисија се формира за секој случај одделно за

| | |
|---|---|
| санкционирање на плагијаторство при поднесувањето на трудови во рамки на наставно образовниот процес, како и на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди во Етичкиот кодекс. До денес, во Институтот не се јавила потреба за формирање на дисциплинска комисија и спроведување на дисциплинска постапка. При појава на одредени неправилности, од страна на ННС ќе биде формирана комисијата според актите на Статутот на Универзитетот.<br>Дисциплинската одговорност на студентите е регулирана со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје (членови 36 – 49), а тоа особено се оденсеува во делот на магистерските трудови. Имено, од кандидатите, односно авторите на овие трудови се бара да поднесат соодветна изјава за оригиналност на трудовите, а во спротивно може да се соочат со дисциплинска постапка. Во Прилог 5.10.А даден е Записникот од одбранетиот магистерски труд. | |
| **Прилози**<br>- Прилог 5.10.А Записник од одбранет магистерски труд<br>- Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје 264_statut_ukim-6.6.2019.pdf | |
| 5.11. Установата има политика/документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Наставниот и соработничкиот кадар со своите просторни капацитети и скромна опрема, континуирано учествува во изготвување и имплементирање на национални и меѓународни проекти директно поврзани со истражувањата во областа на земјоделието.<br>Наставниот и соработничкиот кадар има обврска да ги евидентира сите активности во текот на годината и истите да ги објавува на онлајнплатформите за поголема видливост.<br>Врз база на спроведните активности во рамки на секој проект се изработува извештај со цел да се сумираат и елаборираат активностите во делот на научноистражувачката работа ифинансиските аспекти при имплементацијата. Ова е редовна пракса, која се применуваше и во последните пет години, во однос на проектите финансирани од интегративните средства за финансирање на научноистражувачки проекти наУниверзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Министерството за образование и наука и од други извори.<br>Од 2022.година, Институтот секоја година финансира научно-истражувачки проекти во кои активно учествуваат вработените од Институтот и лица од други институции. Со донесување на Одлука од страна на Научниот совет се уредува доделувањето (предлагање, прифаќање и изработката) финасиски средстваза научно-истражувачки проекти, кои ќе се финансираат од сопствени средства на Земјоделскиот институт-Скопје, за календарската година.<br>Одлука за усвојување на проектите кои ќе бидат финасирани донесува Научниот совет на Институтот. | |
| **Прилози**<br>Извештај на Директорот за работата - линк | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |
| Соодветноста и важноста на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на Земјоделскиот институт, Скопје се верификуфа на различни начини и нивоа на соработка со институции, организации, мрежи, како во земјата така и странство како што се Food and Agriculture Organization of the United Nations, Globar Soil Partnership, Glosolan, Global Environment Facility и др.<br>Во последните пет години, наставно-научниот кадар на Институтот реализираше соработка на полето на научно истражувачки проекти, дисеминација на своите научни сознанија преку самостојни и заеднички публикации со други истражувачи, размена на искуства на научни собири, научни дебати и др.<br>Во последните пет години дел од наставниот кадар на институтот, на барање на одделни министерства, агенции и други институции во државата, беа номинирани за членови на работни групи за подготовка на стратешки документи и проекти, или како консултанти за различни актуелни прашања. | |
| **Прилози** | |

| |
|---|
| Прилог 5.12. Листа на наставници кои учествуваат во работни групи во одделни министерства |

# Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Активностите кои ги спроведува Земјоделскиот институт-Скопје се финансираат со средства од Министерството за образование и наука и со сопствени средства. Во извештајниот период, Земјоделскиот институт-Скопје оствари сопствени приходи во износ од 20.743.053денари, од кои 3.570.276 денари се пренесени од претходната година.<br>Финансирањето на научно-истражувачката дејност на Институтот е уредено и со Одлука за финансирање на научно-истражувачки проекти, од средставата на Земјоделски институт-Скопје, преку која во 2023 година Институтот финансираше релазиција на два научно-истражувачки проекти, а во 2024 година уште други два, секој во висина на средства од по 200.000 денари. Трошоците за научноистражувачка работа во 2023 година кои вклучуваат реализирани патувања, организација на конференции, семинари на Земјоделскиот институт изнесуваат 852089.00 ден. Согласно тоа, Земјоделскиот институт издвојува 3,9% во 2023 од сопствените приходи генерирани во тековната година за научноистражувачка работа.<br>Институтот континуирано инвестира од сопствени средства за подобрување на активностите за учење и настава во смисла на инвестиции во наставни помагала и инвентар за студенти, информатичка мрежа и информатичка технологија, акредитација на студиски програми.<br>Финансирањето на научно-истражувачката дејност на Институтот е уредено со Одлуката за утврдување на плати и надоместоци на вработените на Земјоделски институт-Скопје. Активностите поврзани со научно-истражувачката и апликативната дејност кои се финансираат согласно оваа Одлука опфаќаат учество на научноистражувачки и апликативни проекти, реализирани вештачења и проценки, учество во рецензентски комисии во издавачката дејност (како рецензии на научни книги, монографии, учебници, учебни помагала и сл.), активности зареализација на семинари, симпозиуми, курсеви. | |
| **Прилози**<br>- Финансиски извештаи од претходните години - линк<br>-Прилог 6.1.АОдлука за финансирање на научно-истражувачки проекти, од средставата на Земјоделски институт-Скопје: Арх. бр. 0202- 72/7 од 14.2.2024<br>- Прилог 6.1.Б Одлука за финансирање на научно-истражувачки проекти, од средставата на Земјоделски институт-Скопје: Арх. бр. 0202- 72/6 од 14.2.2024<br>- Прилог 6.1.А Листа на проекти финансирани од Земјоделски институт во 2023/2024 год. | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лабораторији, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Техничките ресурси со кои располага Земјоделскиот институт-Скопје се ставени на располагање на сите студиски програми кои се акредитирани на Институтот. Со оглед на тоа што главна дејност на Земјоделскиот институт е научноистражувачка и наставна дејност (на втор циклус на студии), Институтот располага со оптимален простор | |

за изведување на наставна и научноистражувачка дејност од скоро 500 $m^2$.Институтот располага со 16 кабинети за наставно-научниот кадар и стручно-административната служба со вкупна површина од 240 $m^2$, библиотека со површина од 50 $m^2$ предавална со површина од 50 $m^2$ опремена со аудио-визуелна опрема за непречено одвивање на наставата, сала за состаноци, 4 лаборатории, експериментална микровинарија со површина од околу 100 $m^2$, експериментална оранжерија од 150 $m^2$, адаптирани подрумски простории за чување на материјал за заштита на растителните генетски ресурси и проучување на агробиодиверзитетот (ген банка).
Во состав на институтот, функционираат 4 лаборатории, од кои се 3 се акредитирани според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025, од страна на Институтот за акредитација на РСМ.

- Лабораторија за вино и алкохолни пијалаци со вкупна површина од 80 $m^2$, овластена од страна на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство за вршење контрола на вино и алкохолни пијалаци за пуштање во промет во државата и странство. Лабораторијата поседува гасен хроматограф со FID, гасно-масен и инструмент за течна хроматографија, спектрофотометар, дестилатор за алкохол, алкомат, аналитички ваги, евапоратор, центрифуги, водена бања, ултрасонична бања, дигестор за подготовка на раствори и др.
- Лабораторија за почва, ѓубрива и растителен материјал со вкупна површина од 100 $m^2$, каде што се вршат анализи за научни и едукативни цели, како на доставени примероци од инспекциските органи, така и на примероци од правни и физички лица. Лабораторијата поседува соодветна теренска и лабораториска опрема, меѓу кои се: Eijkelkamp Auger Set for Heterogeneous Soils; GPS, Garmi Montana 700, pH метар, EC метар, сушница, пламенфотометар, UV/Vis спектрофотометар, атомски апсорпционен спектрометар, микробранова печка, дестилатор за азот и др.
- Лабораторија за испитување на семето со површина од 40 $m^2$, акредитирана според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025 и овластена од страна на МЗШВ за испитување на квалитетните својства на семето кај земјоделски растенија.Анализите во лабораторијата се вршат за научни и едукативни цели, како и на доставени примероци од инспекциските органи, правни и физички лица,семепроизводни компании.Лабораторијата располага со високостручен кадар и опрема (‘ртилиште, сушница, дигитални ваги, дигитален апарат за мерење на влага и хектолитарска маса, бројач на семе и др.).
- Лабораторија за заштита на растенијата со површина од 40 $m^2$ - Во 2023 година, лабораторијата е обновена и проширена со нова опрема за серолошка и молекуларна детекција: ELISAREADER (читач), ELISA WASHER (мијач на плочи), PCR апарат, Real-Time PCR апарат, хомогенизатор, вортекс, центрифуга, магнетна мешалка, термостат, стереомикроскоп, аналитичка вага, хоризонтална електрофореза, камера за сликање на гел, микробранова печка, дигестор и фрижидер со замрзнувач. Во лабораторијата се врши идентификација на штетници, болести и плевели кај растенијата, серолошка детекција на растителни вируси, молекуларна детекција на растителни вируси и организми слични на вирусите. Лабораторијата е вклучена и во меѓуинституционални соработки. Активно е ангажирана и за потребите кои произлегуваат од одржувањето на семенските колекции од Ген банката.

Сите простории имаат постојана и Wi-Fi интернет-конекција и персонални компјутери за вработените. Институтот располага со следнава информатичка опрема: 14 десктоп компјутери, 45 преносни компјутери, 12 ласерски црно-бели печатачи, 4 фотокопири, 7 скенери и 3 Wi-Fi рутери.

Работата на библиотеката во Земјоделски институт е од затворен тип и нејзини главни корисници се студентите на постдипломските студии и вработените во институтот како и истражувачи студенти на постдипломски студии од другите факултети и институти од областа на земјоделските науки. Имајќи ја предвид скромната финансиска состојба на научните институции, вклучително и Земјоделскиот институт, во последната деценија главно се користат електронските медиуми и, преку нив, бесплатно достапните релевантни научни списанија и книги. Иако има обиди од Ректоратот да се обезбеди пристап до некои платформи за пристап до научна литература, сепак се чувствува недостатокот на финансии и ангажман за пристап до квалитетни научни списанија од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.
Библиотеката е опремена со еден компјутер и скенер Wi-Fi, преку кои можат да се пребаруваат стручни и научни списанија, да се користи електронска литература и интернет приклучок.
Библиотеката располага и со простор за учење и истражување (читална) во која на располагање на студентите се достапни 5 работни маси. Земјоделскиот институт не располага со задоволително ниво на достапни ресурси за лица со посебни потреби и установата треба да работи на зголемување на ресурсите за лицата со посебни

| | |
|---|---|
| потреби, особено во делот на аудио-визуелни ресурси како и непречен физички пристап до просторијата.<br>Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Исто така, Земјоделскиот институт располага со 20 хектари експериментална земјоделска површина во Кочани. На овие површини се остварува научно-истражувачката и апликативна дејност, практичната настава за студентите, се поставуваат експерименти за изработка на магистерски и докторски трудови, а постојат и демонстративни опитни и колекциски насади од овошни видови и винова лоза.<br>За жал, во Земјоделски институт нема попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд набавен во последните пет години поради што не можеме да дадеме линк до библиотечниот фонд. | |
| **Прилози** | |
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Стручно-административната служба во рамки на Земјоделскиот институт- Скопје е организирана во согласност со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на институтот. Во Стручно административната служба се предвидени вкупно 9 лица во редовен работен однос кои треба да ги извршуваат активностите поврзани со правните, финансиските, општите и техничките работи за непречена реализација на дејноста на институтот, библиотечното работење и архивското работење. Во текот на изминатите пет години, Земјоделскиот институт-Скопје се соочи со пензиниорање на дел од вработените во административната служба: секретарот, раководителот на Одделението за сметководствено и материјално работење и благајникот. Неможноста за пополнување на овие работни места со нови лица, односно недобивање на дозвола за вработување, во многу ја отежнува работата и го доведува во прашање функционирањето на службата. Исто така, веќе подолго време, односно според систематизацијата од 2016, непополнети се и местата раководител на Одделение за општи и правни работи и помлад референт за човечки ресурси. Во моментов САС работи со 3 административни службеници (виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење, помлад референт-архивар, советник за библиотечно работење) и 1 помошно техничко лице - хаузмајстор. Оттука, кадровската екипираност на стручно-административната служба и организацијата на активностите кои ги извршува согласно потребите на институтот е доста несоодветна. Институтот ќе треба да вложи напори во блиска иднина да добие согласност за пополнување на слободните работни места.<br>Со оглед на флексибилните начини на учење и настава како и бројот на студенти кои за жал во поседните години е доста мал, Стручно-административната служба тековно ги опслужува студентите согласно нивните барања и потреби, земајќи во предвид дека дел од работата која е предвидена за помладиот соработник за човечки ресурси во систематизацијата, а се однесува на студентите, во моментов ја има како задача еден од научните соработници (упис, водење на матична книга, пополнување на студентски картони, водење на студентски досиеја и сл).<br>Од моментално вработените лица (4) во стручно административната служба, едно лице е со високо образование,две се со средно образование и едно со магистратура.<br>Листата на вработени во Стручната и административната служба е дадена во прилог. Административниот кадар ги развива сопствените компетенции на организирана основа согласно потребите на институтот, особено во доменот на материјалното и сметководствено работење.<br>Во 2023 година раководителот на сметководство присуствувал на еднодневнаобука, а во 2024 година, едно лице – вишиот соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење, посети 2 еднодневни обуки за континуирано професионално усовршување од областа на сметководството а две лица посетриле Обука за спроведување на процес за самоевалуација. | |
| **Прилози**<br>Прилог стандард 6.3<br>Прилог 6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во административната служба<br>Прилог 6.3.Б. Листа на вработени во административната служба кои посетувале обука за развој на сопствените | |

| | |
|---|---|
| компетенции во изминтатите пет години(со наведен период). | |
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Во изминатите пет години Земјоделскиот институт-Скопје реализираше неколку научноистражувачки и апликативни проекти. Во научноистражувачките проекти на Институтот беа вклучени двајца студенти. Едниот студент беше вклучен во три научнипроекти: „Комерцијализација и ревитализација на автохтоната винска сорта станушина"финансиран од Земјоделскиот институт во период 2022-2024 година „Медовината како иновативен производ во пчеларството и винарството" финансиран од Општина Гази баба во 2022/2023 год.,„Антиоксидативна активност на плодовите од автохтони сорти и популации од овошје, зеленчук и грозје", УКИМ 2020/2021". Вториот студент е вклучен во еден проект „Мониторинг на житните стеници, штетници на квалитетот на пченицата во различни региони во Македонија", финансиран од Земјоделскиот институт во 2023/2024 година. Проектот е сеуште во тек. И во иднина, Институтот треба да се фокусирана вклучување на студенти од втор циклус на студии во научноистражувачки проекти. Исто така, интенција на Институтот е студентите активно да бидат вклучени во други научноистражувачки активности, како учество на конференции, семинари, вебинари, како и во издавачката дејност преку пишување на научни трудови.Во анализираниот период, еден студент учествуваше во 4 научни конференции организирани од страна на Институтот, 1 симпозиум во странство (2023), посети на 3 вебинари (2024год), 1 обука (летна школа – 2024 год), презентација на труд на I Научен Конгрес на Универзитетско Студентско Собрание при Универзитет Св. Кирил и Методиј во 2023 година и на IV студентска конференција од областа на земјоделството' во 2023.. Студентот објави 4 абстракти од учествата на научни собири и еден научен труд со резултати од  проект на институтот.

**Прилози**

Прилог 6..4.А. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект.

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Поради малиот број запишани студенти кои се веќе во работен однос и економска неоправданост, Земјоделскиот институт не вработува советник за академски развој. Сите неопходни информации, Институтот ги споделува со Центарот за кариера на УКИМ. Во иднина, доколку се јави потреба, Институтот ќе формира Центар за кариера со кој би била уредена процедурата за реализирање на практична настава на студентите; процедурата за мобилност; процедурите за кариерен развој на студенти и алумни ипроцедурите за меѓународна соработка.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Институтот нема официјална Алумни заедница.Во иднина Институт ќе работи на нејзино формирање и објавување на официјалната веб страна.

Заради поголема соработка, во иднина во iknow системот ќе бидат внесени и информациите за сите завршени студенти на втор циклус студии. Во моментот, во системот се регистрирани само студентите запишани на втор циклус студии од 2023 година.

**Прилози**

Iknow систем - линк

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; |

| | |
|---|---|
| овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Студентите на Земјоделскиот институт преку свои претставници учествуваатво работата на некои институтски комисиикако што е на пример Комисијата за самоевалуација со 2 членови од редот на студентите.
Претставниците на студентите ги избира Наставно научниот совет на институтот.
Земјоделскиот институт, како научен институт во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а во согласност со Законот за високо образование нема Студентско собрание а со тоа ниту студентски правобранител на ниво на единица. Универзитетскиот правобранител ги застапува правата и интересите на студентите од втор циклус на студии.

**Прилози**
- Акт во кој е регулирано прашањето за учество на студентите во управувањето во Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) - линк

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Студентите се запознаваат со услугите кои им стојат на располагање на повеќе начини. Најкористен начин на пристап до информации е преку веб страната на институтот каде студентите можат да ги најдат скоро сите информации кои се однесуваат на студиските програми. Поради малиот број на студенти, информациите до студентите стигнуваат преку директен контакт со професорите. Сепак, бидејќи интенцијата е проширување на понудата на студиски програми, како и поинтензивна промоција на постоечките за да се привлечат повеќе студенти, IKnow системот ќе се користи за објавување на сите новини и литература за подготовка на предметите.

**Прилози**
- линкдо веб страната на Институтот за:
1. Промотивни материјали,
2. Публикации
3. Објави

# Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

Земјоделскиот институт-Скопје врши прибирање и анализа на најголем дел од информациите за реализација на студиските програми и активностите поврзани со студентите користејќи го компјутерскиот систем iKnow. Системот е развиен од страна на Универзитетот Св. Кирил и Методиј со цел електронско прибирање, водење и користење на податоците релевантни за студентите и студиските програми.
Институтот како единица на УКИМ го користи овој систем за анализа на податоци кои се однесуваат на број на запишани студенти, реализирани семестри, слушани и положени испити, постигнат успех на студентот, како и магистрирани студенти. Дополнително, во однос на бројот на запишани и дипломирани студенти се водат и матични книги за запишани и магистрирани студенти.iKnow системот овозможува пристап на сите чинители во образовниот процескои можат да ги следат достапните податоци. На ниво на Универзитет развиен е и систем за прибирање и анализа на информации кои се однесуваат на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на единиците на УКИМ. Земјоделскиот институтСкопје, како единица на УКИМ ја користи Ризницата на научни трудови на УКИМ, репозиториум на научни трудови и публикации кој е јавно достапен. Научните трудови (публикации, апстракти, научни трудови, монографии, поглавја од книги, учебници и сл.) објавени од страна на наставно-научниот кадар на Институтот се јавно достапни на Ризницата на научни трудови на УКИМ. Анализата на овие податоци е појдовна точка во креирање на развојните цели и унапредување на квалитетот на активностите кои ги реализира

**Прилози**
Опис и при**каз на системот за прибирање и обработка на информации:**

| | |
|---|---|
| **iKnow – [линк]**<br>Репозиториум - [линк] | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| Земјоделскиот институт-Скопје редовно прибира и анализира податоци кои се релевантни за дејностите кои ги обавува. Податоците кои се прибираат се однесуваат на број на запишани и завршени студенти, Исто така, на годишно ниво преку одделенијата на институтот се прибираат податоците за активностите (наставни, научни, стручноапликативни) на наставно-научниот кадар и податоци за ресурсите, опремата која е дел од наставните и научните активности. На годишно ниво,преку одделенијата се прибираат и податоци за наставната, научно-истражувачката и апликативната дејност на секој од наставниците, а анализата на собраните податоци е интегрирана во годишниот извештај на работата на Институтот. Добиените информации се користат за планирање на тековни и идни активности со цел подобрување на образовната и научноистражувачка дејност на институтот. Анализата на податоците најчесто се врши на седниците на Институтската управа, а се усвојуваат на Научен совет. | |
| **Прилози**<br>Годишен извештај на директорот - [линк] | |
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| За сите реализирани и претстојни настани кои се од важност за дејноста на Земјоделскиот институт, редовно го информира научниот кадар.Институтот нема формален регистар за значајни настани, но сепак, навремено ги објавува сите информации поврзани со значајни настани и активности (конференции и работилници), склучени соработки со домашни и меѓународни институции, објавување и презентација на резултати од истражувања и проекти и др.Сите податоци, редовно се анализираат и се користат за потребите настратешкиот менаџмент на Институтот односно анализираните податоци иинформации редовно се разгледуваат и дискутираат на ниво на Научен Совет и Институтска управа во насока на преземање на идни чекориза подобрување на услугите и квалитетот на активностите кои се реализираат на институтот.<br>Институтотредовно ги објавува информациите во Годишните извештаи, како и на веб страната на установата која редовно се ажурира, во делот "новости"**.** | |
| **Прилози**<br>Веб страна на Земјоделски институт - [линк]<br>Прилог стандард 7.3 | |
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |
| Земјоделскиот институт, Скопје врши прибирање и обработка на лични податоци со цел реализација на дејноста која ја извршува. Прибирањето и обработката на личните податоци, особено личните податоци на студентите, се врши во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци, применувајќи соодветни технички и организациски методи за безбедност на податоците и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.<br>Во однос на електронски прибраните податоци, преку iKnow системот, Земјоделскиот институт како единица на Универзитетот е само корисник на наведениот систем, а поддршката, одржувањето и заштитата на податоците на | |

| |
|---|
| системот е централизирано односно управувано од страна на Универзитетот.Во овој систем секој регистриран студент по безбедносна автентикација може да пристапи доинформации за своите активности согласно привилегиите кои му се дадени. |
| Прилози:<br>- Закон за заштита на личните податоци - линк<br>- Веб страна на Земјоделски институт - линк |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Земјоделскиот институт-Скопје редовно објавува податоци за активностите и за студиските програми. На веб-страната на Институтот во делот за настава (втор циклус) се наведени основни информации за старите студиски програми и детални информации за новите студиски програми. Институтот учествува на отворените денови, како и на деновите на кариера,организирани од страна на на УКИМ. Земјоделскиот институт организира и сопствени промотивни настани, кои ги објавува на својата фејсбук страна. Во текот на учебната 2023/2024 година, за промоција на Институтот, неговата дејност и студиите од втор циклус, направени се 2 гостувања на телевизиски програми, 3 објавени информации на телевизиски програми, 3 на радио, 1 во печат, 20 на дигитални медиуми. На социјалните медиуми има 35 објави, со над 1 000остварени интеракции.<br>Директорот на Институтот, во годишните извештаи за работата на институцијата, известува за наставната дејност (за текот на акредитацијата на студиите, добивањето решенија за почеток на нивната работа, бројот на запишани студенти и сл.). Во тие годишни извештаи се наведуваат и различните промотивни настани одржани во текот на извештајната година, на кои им се дава сериозен приоритет. Сепак, сметаме дека треба да се воспостави систем за регистрација на позначајните настани, што е во насока на зголемување на видливоста на Институтот.<br>Како позначаен е издвоен настанот за одбележување на годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Р.С. Македонија и Р. Словенија, со симболично засадување на најстарата винова лоза во дворот на Институтот.<br>Во 2023 година се одржани 2 промотивни настани:<br>- NATI00NS „Здрава почва+зелени бизниси = инвестиции во нашата иднина“ во организација на АРНО и Земјоделскиот институт – Скопје, со поддршка на БиоСенс Институт од Србија и<br>- настанот за одбележување на светскиот ден на пчелата во соработка со Амбасадата на Република Словенија, општината Гази Баба и канцеларијата на ФАО.<br>Со оглед на незадоволителниот број на запишани студенти на втор циклус, континуирано се истакнува потребата од поактивна промоција на студиските програми и подобрување на видливоста на Институтот. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.3. Регистар на значајни настани, активности и процеси<br>Веб страна на Земјоделски институт - линк<br>Facebook страна наЗемјоделски институт-линк<br>Универзитетски весник - линк<br>Годишен извештај на директорот - линк | |
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на |

| | |
|---|---|
| информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Земјоделскиот институт на својата веб страна објавува податоци за своите активности. На веб страната, во делот „Настава“, има информации за студиите општо, вклучително и за старите студии. Критериумите за упис се наведени и во рамки на конкурсот за запишување на студенти на втор циклус и во рамки на елаборатите за акредитација (односно реакредитација) на тековните студиски програми по Енологија и Органско и биодинамично производство, објавени на веб страната. Елаборатите ги содржат и предвидените цели, квалификациите кои ќе се стекнат, постапките во наставата, учењето и оценувањето, условите за учење кои се на располагање на студентите и информациите за можностите за нивно вработување по завршување на студиите.

Во врска со документите предвидени во член 21, став 3 од Законот за високо образование, на веб страната на Институтот (во делот „документи-правни документи“) се објавени: Статутот на Земјоделски инстутут во Скопје, Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места на УКИМ Земјоделски институт, Деловникот за работата и одлучувањето на Научниот совет, Институтската управа, работните и стручните тела на Земјоделскиот институт, Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт – Скопје, Одлука за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопјеr, Земјоделски институт – Скопје, Одлуки за последен избор во звање за наставниот и соработничкиот кадар и Етичкиот кодекс на УКИМ.

На веб страната, во делот „Настава“, објавени се, покрај Елаборатите, и Решението за акредитација, како и Решението за почеток со работа одделно за студиската програма Енологија и за студиската програма Органско и биодинамично производство.

На веб страната, во делот „Документи“, објавени се завршните сметки на Институтот од 2016година.до денес.

**Прилози**

Линкови до веб страната на Институтот:

- Документи - линк
- Студиска програма Енологија- линк

-Студиска програма Органско и биодинамично производство - линк

- Завршнисметки - линк

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Земјоделскиот институт-Скопје ги објавува закажаните одбрани на магистерските теми 7 дена пред датумот на одбрана на огласната табла на Институтот.Дополнително, во рамки на Годишните извештаи на Директорот за работата на Институтот, во делот посветен на наставнообразовната дејност се известува за активностите поврзани со вториот циклус на студии, како и за одбраните на магистерските трудови.Исто така, во делот за научно-истражувачката и стручно апликативната дејност се известува за сите реализирани научно-истражувачки проекти и активности.Магистерските трудови се достапни и во физичка форма во библиотеката на Земјоделскиот институт-Скопје. Прифатените теми за изработка на магистерските трудови се објавуваат во Билтенот на УКИМ. На веб страната, како и на фејсбук страната редовно се извесува за одржаните настани како научни конференции, работилници и слично.

Во иднина би требало да се поработи на подобрување на информирањето на клучните исходи од образовната и научната работа на институтот со соодветни објави на веб страната. Имено, недостасуваат објави за одбраните на магистерските теми, за работата по научни проекти (домашни и меѓународни), достапност до магистерските теми во дигитална форма, евидентирање во библиотечниот фонд на Институтот и сл.

**Прилози**

| |
|---|
| Билтен на УКИМ каде се објавуваат прегледи на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Земјоделски институт-Скопје- линк<br>Веб страна на Земјоделскии институт - линк<br>Фејсбук страна на Земјоделски институт – линк |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9:МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Студентите на Институтот имаат можност да реализираат мобилност во рамки на меѓународната соработка на Институтот, како и во рамки на програмата Еразмус+. Во актуелниот период, за жал, ниеден студент нема користена можност за мобилност.Причината е малиот број студенти кои, главно, се во редовен работен однос што е ограничуввачки фактор за користење на оваа можност.<br>Во идниот период треба да се направат напори за зголемување на интересот за мобилност на студентите, како и да се вршат редовни објави на конкурсите од програмата Еразмус+ на веб страната на Институтот.<br>Досега во Институтот не постои конкретен акт или пример од практиката за соодветно вреднување или признавање на мобилноста на студентите од втор циклус. | |
| **Прилози** | |
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Развојот на меѓународната соработка наЗемјоделскиот институт-Скопје главно се базира на Стратегијата за развој на УКИМ (2024-2029). Унапредувањето на меѓународната соработка претставува приоритет во развојот на Институтот, за чија реализација Институтот самостојно вложува напори и финансии, но и активно учествува во инцијативи и активности на органите и телата на УКИМ. Активностите кои Институтот ги реализира во доменот на меѓународната соработка и интернационализација, се однесуваат главно на:<br>- Учество на меѓународни научни собири.<br>- Зголемување на бројот на интернационални партнери на Институтот.<br>- Обиди за приклучување на Институтот на повеќе мултилатерални програми за научна и високообразовна соработка.<br>- Поголема промоција и запознавање на наставно-научниот кадар на Институтот и неговите студенти со меѓународните можности.<br>Тоа што недостасува е редовно поднесување извештаи за учеството на научниот кадар во различните форми на меѓународна соработка.<br>Во Институтот не е формирано тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација, но неопходно е да се воведе регистар за редовно евидентирање на меѓународните активности.<br>Сепак за реализација на активностите во доменот на меѓународната соработка и интернационализацијата, редовно се известува во годишните извештаи на Директорот за работата на Земјоделскиот институт-Скопје. | |
| **Прилози**<br>- Годишен извештај на директорот - линк | |
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на |

| | |
|---|---|
| меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Финансирањето на меѓународната соработка и интернационализација наИнститутот доминантно се врши со средства обезбедени од сопствени приходи. Во текот на 2023/24 година предвидени се 1 000 000,00 ден. а искористени се 852 089.00 ден. Финансиските средства за меѓународна соработка и интернационализација на Земјоделскиот институт се во непосредна врска со научноистражувачката дејност на Институтот и затоа најголем дел од овие средства е за котизации - учества на меѓународни конференции. (Прилог 9.3.).

Во извештајниот период, реализирани беа повеќе учества на научни конференции, како што е на пример учеството на Симпозиум во Требиње, Босна и Херцеговина (прилог 9.3.А). Исто така, одобрени се средства за присуство на работилници во странство на м-р Деспина Поповска Стојанов, д-р Душко Мукаетов, д-р Виктор Ѓамовски (Прилог 9.3Б, Прилог 9.3.В Прилог 9.3.Г) како и присуство на работни состаноци во Нови Сад, Чачак, и Блед, Словенија (Прилог 9.3.Д, Прилог 9.3.Ѓ и Прилог 9.3.Е).

Институтот за дел од проектните активности кои ги реализира како координатор или како партнер, согласно правилниците на УКИМ, се финансира преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за меѓународните научно-истражувачки проекти се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот до сите единици па и до Земјоделскиот институт.

**Прилози**

Прилог 9.3.
Прилог 9.3.А - Одлука за присуство на Симпозиум во Требиње
Прилог 9.3.Б - Одлука за Деспина Поповска Стојанов
Прилог 9.3.В - Одлука за Виктор Ѓамовски
Прилог 9.3.Г - Одлука за Душко Мукаетов
Прилог 9.3.Д - Одлука за Виктор Ѓамовски, Катерина банџо Орешковиќ, Биљана Дрвошанова
Прилог 9.3.Ѓ - Договор за соработка со Чачак
Прилог 9.3.Е - Одлука за Душко Мукаетов

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Соработката на Земјоделски институт со други институции во земјата и странство главно е во функција на научно-истражувачката работа, која пак, од друга страна, има индиректен импакт на квалитетот при изведување на наставната дејност. За таа цел, најчесто се користат средства од меѓународни програми, и, кога има повик, средства од МОН. Во изминатата година, немаше повик за конкурирање од нашето Министерство за образование и наука, но се искористија сопствени средства и средства од неколку други програми за проекти како што се:

- 2024-2026.
  Capturing and Storing Atmospheric $CO_2$ for Improvement of Soil Quality
  Interreg Euro-MED Programme
  Agricultural Institute of Slovenia,
- 2024-2025.
  Salinity soils in the region of Ovce Pole, North Macedonia
  UKIM Institute of Agriculture, Skopje

Иако многу пати досега беше разгледувана можноста за реализација на заеднички студиски програми со странски универзитети, за жал сéуште овој план не е реализиран.

**Прилози**

Прилог 9.4.А Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); |

| | |
|---|---|
| вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |
| Во Земјоделски институт во наставата до сега не биле вклучени странски професори, ниту како ментори ниту како членови во комисии за оцена на магистерски трудови. За прв пат оваа учебна година е запишан еден странски студент. | |
| **Прилози**<br>Прилог 9.5А Одлука за прием на странски студенти | |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**Пример 1**

**Изјава**

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Проф.д-р Виктор Ѓамовски со ЕМБГ 0604975450018, одговорно лице во високообразовната установа УКИМ Земјоделски институт, Скопје

изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа УКИМ Земјоделски институт, Скопје за периодот учебна 2023/2024се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

___________________________

(име и презиме)

___________________________

(своерачен потпис)

**Пример 2**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>1.2.Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.</td><td>Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Овој дел го пополнува високообразовната установа<br><br>Пример на одговор:Установата еднаш годишно спроведува евалуација (360 степени) во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува во форма на анкета во електронска форма во декември (за предметите од зимскиот семестар) и април (за предметите од летниот семестар), најчесто во 11 недела на наставата). Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа 30 прашања кои ги подготвува Комисијата за евалуација на установата. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација беше усвоен на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 21.9.2021 година.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Пример за прилози<br>Прилог 1.2. А. Прашалник од евалуација (се вметнува линк до документот поврзан со прашалникот. Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи).<br>Прилог 1.2..Б. Годишен календар на активности за 2020/21 година (се вметнува линк до документот поврзан со годишниот календар на активности  Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи)<br>И др.</td></tr>
</table>

Прилог 2  - Преглед на потребна документација за утврдување на исполнетоста на стандардите[5]и индикаторите[6]за квалитет во високото образование[7]

## Стандард 1

[5]Во стандардите 2 ,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.

6За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години.

7По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуацијакоја ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесотна обезбедување на квалитет. |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани.Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[8] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор | Акт во кој е регулирано прашањето; |

8Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | |
|---|---|
| и трет циклус на студии (доколку е применливо). | |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learningoutcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат пренosливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации).Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава инадворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии)во последните пет години за сите студиски програми. |
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[9] |
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница.Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации заприродата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

9Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски годиниза последните пет години. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите даземат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темелина интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (casestudy) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи,проекти итн. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени |

| | |
|---|---|
| | жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информацијаза постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[10] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europassформат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 годинисе релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2.т.21.од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

10Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[11]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос сополно работно време. |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

11Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| методи и во користењето нови технологии. | |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Установата има политика/документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражу-вачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

| | |
|---|---|
| административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проектна сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (сорелевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност,временски период буџет) за последните години. |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинотна кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

| | |
|---|---|
| податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |
| Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови;12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и13. Етичкиот кодекс. |
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9:МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА |
|---|

| Индикатор | Документација |
|---|---|
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилносткако дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зацијаво рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќии за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиска програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |
| | |